Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
Сектор за општи работи

Nikola Tupancheski
Digitally signed by Nikola Tupancheski
Date: 2022.11.29 14:08:39 +01'00'

Бр. 05-3128/1
Скопје, 28-11-2022 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Усогласениот годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и прва измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година на Министерството за правда и втора измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/3 од 30.08.2022 година, **министерот за правда д-р Никола Тупанчески** ја донесе следната:

# *О Д Л У К А*
## за јавна набавка на стоки – Набавка на новогодишни пакетчиња

1.За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка за набавка од мала вредност за јавна набавка на стоки - **Набавка на новогодишни пакетчиња**.
1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка на новогодишни пакетчиња.
1.2. Предметот на набавка не е делив на делови.
2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа Одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 180.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 32.400,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ 212.400,00 денари.

Средствата за оваа набавка се обезбедени од Буџетот на Министерството за правда за 2022 година, а плаќањето ќе се врши од сметката на Министерството за правда 631 и 637, Програма 10-Администрација, Ставка 426.

3. Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка
Јавната набавка од точка 1 на оваа Одлука, ќе се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка за набавка од мала вредност,** за доделување на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која ќе се спроведе без спроведување на електронска аукција како последна фаза.

4. Критериум за избор на најповолна понуда, согласно член 99 од Законот за јавните набавки, е економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена преку ЕСЈН.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

5. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.

6. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:
   - Претседател на Комисијата: Един Пачариз
   - Членови: - Орхан Сулимани
     - Насер Ќамили
   - Заменик претседател на Комисијата: Ацо Живковски
   - Членови: - Никола Бабановски
     - Зоран Георгиевски
7. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
8. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.
9. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Усогласениот Усогласениот годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и прва измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година на Министерството за правда и втора измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/3 од 30.08.2022 година, потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки. Предмет на набавка е Набавка на новогодишни пакетчиња.

За задоволување на наведената потреба од оваа Одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 180.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 32.400,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ 212.400,00 денари.

Средствата за ова набавка се обезбедени од Буџетот на Министерството за правда за 2022 година, а плаќањето ќе се врши од сметката на Министерството за правда 631 и 637, Програма 10-Администрација, Ставка 426.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за општи работи

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
**Д-р Никола Тупанчески**

Подготвила: Насер Ќамили, самостоен референт
Контролирала: м-р Марина Миновска, раководител на одделение


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification